ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СДСМ

# УПАТСТВО
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГЛАСАЧКО МЕСТО СО ПРЕПОРАКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1. Се обезбедува **физичко растојание** помеѓу членовите на избирачкиот одбор од најмалку 1.5 м, како и со сите други лица кои се наоѓаат на избирачкото место.

2. Сите членови на избирачкиот одбор и нивните заменици за време на работата на избирачкото место и при броењето на гласовите мора да **носат заштитна маска**, **да вршат редовна и темелна дезинфекција на рацете**, **да одржуваат пропишано физичко растојание**.

3. Сите избирачки места мора да бидат **темелно исчистени пред отворање и во текот на целиот ден на изборите во редовни интервали, како и често проветрувани,** што вклучува и чистење во кабините за гласање и масите што се користат за размена на документи и издавање на гласачки ливчиња.

4. Во избирачкото место, избирачкиот одбор **не смее** да дозволи истовремено **присуство на повеќе гласачи од бројот на паравани за гласање**.

5. **Лицето кое гласа задолжително носи маска или шал/марама/прекривка** преку нос и уста.

6. При влез и излез од избирачкото место **гласачот задолжително врши дезинфекција** на рацете.

7. Гласачот може накратко да ја отстрани личната заштита од лицето само заради негова идентификација, но, притоа го запазува минимум потребното физично растојание.

8. На избирачкото место се поставуваат **ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание** при чекање ред на гласачите пред (внатре или на излез на избирачкото место).